| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Градот и градинката празнуваат |
| **Содржина на денот** | Роденен на градот и градинката |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Разговор на тема како да препознаам кога сум болен и што треба да направам да ги заштитам другите околу мене. |
| **Активности** | -Роденденот е едно од најубавите доживувања за децата кое со нетрпение го очекуваат целата година. Објаснете му на Вашето дете дека освен нивниот роденден може да го прослават роденденот на градинакта во која одат, а воедно и роденденот на градот Скопје. Разговарајте со децата и објаснете им дека роденденот некогаш може да се прослави и во театар со следење на театарска претстава. Па затоа вие дома може да подготвите роденденски театар. Детето нека избере приказна која најмногу ја сакт и заеднички подгответе ја театарската сцена. Може да ја направите од големи картонски кутии и да исечете отвор. Украсете ја кутијата со разнобојни хартии. Ставете од страна платна кои ќе претставуваат завеса. Направете ги театарските кукли од хартија и стапчиња или користете соодветни играчки доколку ги имате. Повикајте ги членовите од семејството кои ќе бидат публика. Исклучете ги светлата и прославата на роденденот може да започне. Потоа може да ги смените улогите. Вашето дете ќе биде зад театарската сцена и ќе бидат во улога на глумец. Дозволете му на детето да ја употреби својата фантазија и да создаде своја претстава. По завршувањето на претставата соберете се сите заедно и направете роденденска забава. Пуштете музика и заедно пејте и танцувајте. |